

# СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НАСПРОТИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

## ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

ИНСТИТУТ
ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

res public

# СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НАСПРОТИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Издавачи: Институт за комуникациски студии
Висока школа за новинарство и за односи со јавноста
Јуриј Гагарин 17/1-1, Скопје, Македонија
www.iks.edu.mk
www.vs.edu.mk

За издавачот: Жанета Трајкоска

Автор: Сашо Орданоски
Уредници: Жанета Трајкоска, Бојан Георгиевски
Дизајн: Љубен Димановски

British Embassy Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британската амбасада во Скопје, во рамките на проектот „Изразување на јавниот интерес: зголемување на моќта на медиумите и граѓаните во штитењето на јавните политики во Македонија."

Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада во Скопје.

# СОДРЖИНА


АПСТРАКТ 4

ВОВЕД 5

ОСВРТ КОН КЛУЧНАТА ЛИТЕРАТУРА И ТЕОРИЈА 8

ЕВРОПСКА РЕГУЛАТОРНА РАМКА И СТАНДАРДИ 11

АНАЛИЗА НА МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И СТАНДАРДИ 15

КЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ 23

РЕФЕРЕНЦИ И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 26

ЗА АВТОРОТ 28

ЗА ПРОЕКТОТ 29

ЗА ИЗДАВАЧОТ 30

# АПСТРАКТ

Прашањето за говорот на омраза претставува компликуван општествен феномен, чувствителен политички проблем и контроверзно правно прашање и во меѓународен и во домашен контекст – и сето тоа дури и кога се работи за физичката реалност во која живееме; работите добиваат дополнителни потешкотии и непредвидливи предизвици кога со феноменот на говорот на омраза треба да се справиме во виртуелната, онлајн реалност, онаа која неговото ширење го доведе до, практично, безгранични можности, бесплатно и неказниво.

Правниот одговор на „традиционалниот“ говор на омраза се темели врз некои клучни документи на ООН, Советот на Европа и Европската Унија, кои се однесуваат на забраните за дискриминација врз основа на некоја колективна идентитетска припадност или гарантирањето на слободата на говорот и ограничувачките обврски што произлегуваат од таа слобода. Во европскиот контекст, пресудите и другите документи донесени од Европскиот суд за човекови права се главниот извор за судските практики и на национално ниво, онаму каде што ги има.

Како резултат на „будењето“ на меѓународната демократска, граѓанска и правна јавност, кои бараат начини како да се ограничат негативните ефекти од онлајн говорот на омраза, а да не се загрози основното човеково и демократско право на слобода на говорот и изразувањето, во последните неколку години се појавија и првите легислативни чекори за ограничувањето на ширењето на говорот на омраза на интернет. Се бараат правни и политички, но и саморегулаторни мерки, со кои „интернет посредниците“ мора да покажат не само реактивен, туку и проактивен однос во адресирањето на овој негативен феномен.

И во Македонија предизвиците на оваа тема се големи, проблемот е предмет на квалификувана дебата. Сепак, не треба да се заборави дека говорот на омраза на интернет само ја отсликува состојбата со причините за појавата на омразата во реалниот свет. Според тоа, справувањето со овој проблем онлајн, мора да подразбере и негово третирање офлајн.

# ВОВЕД

Со глобалната пролиферација на интернетот, едно од најголемите технолошки достигнувања во историјата на човештвото со уникатна општествена трансформативна сила, можностите за комуникација меѓу луѓето станаа, практично, безгранични, и во квантитативна, но и во квалитативна смисла. Денеска секој кој има пристап до интернет, дури и без многу труд, пари и особени технички или образовни квалификации, може да достигне милионска публика со она што ќе го сподели како вест или друга содржина на светската мрежа, во реално време: од фотографии или куси видеа за домашните миленици или рецептите за подготовка на храна, до содржини и политички дискурси кои можат да ги засегнат правата не само на поединци, туку и на цели општествени групи и слоеви.

Виртуелните идентитети, често анонимни,[1] ширејќи говор на омраза, во сè поголем број го остваруваат својот потенцијал да станат вистинска закана за реалните идентитети не само на поединци кои припаѓаат на социјалните или политичките малцинства и маргинализираните групи во општествата, туку и на целите тие групи, врз основа на нивните замислени или реални различни групни идентитетски карактеристики од оние на општествените мнозинства. Количеството на говор на омраза и повиците за дискриминација низ традиционалните медиуми одамна не може да се спореди со огромното количество и интензитетот на омразата што се шири на интернет: употребата на навредите и различните форми на абразивен и екстремен говор, дефамациите, компромитациите, отворените закани и повици за групно насилство се тажното, но и загрижувачко секојдневие на интернет, особено по релативно новиот феномен на дигиталните платформи за комуникација на социјални мрежи. Најновите истражувања од оваа област покажуваат дека 22% од испитаните корисници на социјалните мрежи доживеале да бидат злобно третирани од други, 21% биле цел на „тролање“, а дури 16% биле изложени на говор на омраза (Deb и др., 13:2017).

Говорот на омраза на интернет ја има и таа карактеристика што не само што овој глобален медиум е погоден за брзо и масовно распространување на пораките, туку тие содржини, благодарејќи на мулти-платформската природа на овој медиум[2] и можноста за безброј линкувања и лажна трансформација на содржините, остануваат многу подолго достапни за различни таргет-групи. Релевантни истражувања покажуваат дека практиките за „интернет тролање“ – намерно провоцирање на корисниците на мрежата преку употреба на навредлив и распалувачки говор – ја докажуват старата теориска теза дека и природата на медиумот

1 Секојдневните извештаи за порастот на говорот на омраза не се однесува само на социјалните медиуми кои им гарантираат анонимност на своите корисници – како, на пример, Whisper или мрежата Secret, која во 2015 г. беше забранета во некои земји (Бразил) токму како резултат на анонимноста на оние кои ја употребуваат – туку и на социјалните мрежи кои виртуелниот го поврзуваат со постоењето на реалниот идентитет на оние кои ги користат, како Twiter, Facebook, Instagram и други. Сепак, стручните лица од областа на информативната технологија се согласуваат дека комплетната анонимност при користењето на интернет е речиси невозможна, бидејќи изискува комплицирани стратегии и техники за целосно криење на нечиј идентитет.

2 Фејсбук е платформа во која се испреплетува значењето на она што е приватно, а што јавно, бидејќи иако комуникацијата е меѓу селектирани поединци, распространетоста и интеракцијата (шерувањето) на мрежата е толку голема, што приватните пораки често завршуваат во јавната сфера, со сите посакувани или непосакувани последици. Твитер, пак, е наменет за брзо споделување пораки, со познати и непознати „соговорници“. Но, има и такви платформи (Снепчет, на пример) кои разменетите содржини ги зачувуваат во ограничен временски рок, па нивното ширење е отежнато.

влијае врз содржината што ја пренесува. „Говорот на омраза се потпира врз тензиите (во општеството), коишто сака да ги репродуцира и засили. Таквиот говор и обединува и разделува, истовремено. Создава ‘ние’ и ‘тие’.“ (Iginio Gagliardone и др., 11-15:2015)

Во своите екстремни форми, толерирањето на говорот на омраза може да доведе и до масовни организирани насилства кон цели идентитетски групи, а во екстремни случаи и до форма на организиран геноцид, на што преку ширењето групна омраза низ неколоку од десетте фази на организацијата на геноцидот предупредува меѓународната организација Genocide Watch.[3]

И во светски и во домашни рамки, во последните десетина години надлежните институции наврапито ја препознаваат сериозноста на овој феномен и се обидуваат да смислат стратегии и конкретни политички, општествени и правни механизми за да му парираат на проблемот.[4] Интернетот не е вон дофатот на правната држава, но специфичноста на медиумот налага внимателност, особено кога е во прашање проблематиката за ширење говор на омраза. Пристапите се разликуваат во различни земји, но во демократските општества, како и во клучните светски и европски мултилатерални организации (ООН, Советот на Европа, Европската Унија, Организацијата за безбедност и соработка во Европа и др.) решенијата и мерките што се предлагаат главно поаѓаат од позицијата дека пристапот до интернет не смее да се ограничува, но дека пласираните содржини низ овој глобален медиум и, особено, низ неговите производи во облик на масовните социјални мрежи, треба и мора да се регулираат според меѓународно утврдените стандарди за заштита на човековите права и за спречување на ширењето на разните видови дискриминација и говор на омраза.

Истовремено, под притисок на јавноста и на институциите во демократските држави, и главните интернет платформи (како Гугл) или оние за социјална комуникација (Фејсбук, Твитер, Виспер и сл.) почнуваат својот однос кон овој феномен сè повеќе да го моделираат од реактивен во проактивен, користејќи ги огромните можности што им стојат на располагање за обработка, анализа и корелација на големите бази на податоци со кои располагаат, зачувувајќи ја приватноста на своите корисници.

Сепак, за сега, иако „офанзивата“ на меѓународната и на домашните правни држави и граѓанските општества е со растечка иницијатива, се чини дека виртуелната реалност сè уште ја однесува победата врз реалноста на глобалното и на националните општества.

3 Genocide Watch
4 На пример, во 2013 г., на 37-то Генерално заседание на ООН, донесена е специјална Резолуција (бр. 52), поддржана од сите 195 земји членки на ООН, за темелно и интерсекторско проучување на прашањата за пристап до информации и знаење на интернет, за слободата на говорот, за проблемот на приватноста и етичките димензии (во што спаѓа и ширењето говор на омраза) на Информатичкото општество.

* * *

Прашањето за говорот на омраза во Република Македонија има свои политички и правни аспекти. Во политички прегнантната состојба во македонското општество во изминатите десетина години, засилена заради планираната, организираната, финансираната и интензивната употреба на политичката пропаганда на власта на ВМРО-ДПМНЕ (2006-2016), како едно од главните „оружја“ за вознемирување и пресметка со своите политички опоненти и неистомисленици, говорот на омраза доби „институционализирана“ форма, како „нормален“ дел не само на маргините на јавните дебати, туку често и како нивно средиште. Компромитирањето на политичките неистомисленици од страна на власта доби индустриски размери и политички „легитимитет“ како никогаш до сега во македонската политичка култура и демократско искуство.

Последиците од ваквото толерирано, а често и поттикнато однесување на пропагандистичките центри на власта и нивните екстензии во јавната сфера доведоа до драматично спуштање на нивото на културата на јавниот дијалог, без можност за вистинска општествена и политичка дебата, особено во онлајн сферата. Позициите се радикализираа врз групни основи, со осмислени и реализирани офлајн и онлајн кампањи на власта за оцрнување и дискредитација на цели слоеви, професии и сектори во општествената сфера („предавници“, „соросоиди“, „странски шпиони“, „шиптари“ и тн.) на кои поттикнувањето и ширењето на дискриминацијата и говорот на омраза се претвори во алатка и стил на владеење. Ваквата атмосфера, во своите завршни фази, доведе до низа поединечни, но и групни физички насилства, од кои случувањата во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 г. го симболизираа врвот на поттикнатата колективна хистерија на застапниците на власта во заминување.

Општествено-политичките поуки од ваквото преживеано трауматично искуство на младата македонска демократија мора да бидат предмет на разновидни анализи кои треба да доведат до подобрување на државните и граѓанските механизми за идентификување, превенција, но и правно и општествено санкционирање на овие неприфатливи облици на политичка и јавна комуникација.

# ОСВРТ КОН КЛУЧНАТА ЛИТЕРАТУРА И ТЕОРИЈА

Прашањето за универзално дефинирање на контурите на феноменот наречен со генеричко име „говор на омраза“, во неговата содржина, опфат и начин на манифестирање, е динамична категорија која зависи не само од историските, правните и политичките аспекти – во смисла на тоа до каде завршува правото и слободата на изразување на еден, пред да ја загрози слободата и правото на друг – туку и од развојот на печатените и електронските технологии на масовните медиуми, во смисла на нивната достапност, брзината и опфатот на дистрибуцијата на информации, анонимноста на изворите и, сега веќе, речиси неограничена моќ за дигитална дисеминација на содржините. Леснотијата со којашто социјалните медиуми овозможија масовно практикување и распространување на овој вид на пропагандна активност на интернет влијаеа и врз прилагодување на дефинициите коишто се обидуваат да ја опфатат суштината и карактеристиките на овој феномен.

Целиот проблем дополнително се компликува и заради суштинското правно прашање за проблемот на јурисдикцијата и спроведувањето на националната легислатива при гонењето на делата од областа на дискриминацијата и говорот на омраза на меѓународната мрежа, интернет. Постоечките меѓународни договори за меѓудржавна правна соработка се покажуваат како спор и непрактичен механизам, со оглед на количеството и зачестеноста на овие кривично-правни содржини, дури и кога се работи за очигледни нарушувања на правилата на кои корисниците лично се согласиле при користењето на одредени интернет платформи.

Историски гледано, говорот на омраза е прастара појава колку и политиката, но неговиот правен третман е релативно нова појава. Во почетните децении на дваесеттиот век, тој бил познат во форма на расна омраза, а на почетокот на 40-тите години на минатиот век во правниот промет се јавува како дебата за „групна клевета“, поместувајќи ја расправата од индивидуалните кон групните карактеристики за санкционирање на клеветничките престапи (Живановски, 2:2017). Развојот на третманот на говорот на омразата (hate speech) во своите модерни правни и политички облици, имплицитно и експлицитно, се резултат на развојот на политичкиот модел на либералната демократија и датираат од пост-воените напори на меѓународната заедница да се соочи со големите колективни геноцидни искуства (пред сè на Евреите) во Втората светска војна и пост-воените политички и историски интерпретации на феноменот на холокаустот и причините и методите за неговото настанување. Современото казнено право и меѓународната правна рамка за развивање на казненоправен концепт што ги третира делата на омраза го следи моделот на казнивост на геноцидот и злосторството против човечноста, како и забраната на дискриминација, развиени во меѓународните конвенции и меѓународни документи за правата на човекот (Камбовски, Лазарова Трајковска, 17-18:2012).

Во теоријата е добро позната разликата на политичкиот и правниот пристап кон овој феномен и неговата регулација во САД и во Европа.[5] Во традицијата на својот Прв уставен амандман за заштитата на слободата на изразување, Американците имаат многу повисок праг на толеранција за гонење на дела од областа на говорот на омраза, од законските и правосудните практики во Западна Европа (во Франција и Германија, на пример) кои не само што забрануваат форми на говор коишто суштински ги содржат квалификативите за говор на омраза, туку и за оние за кои има одредена веројатност да доведат до насилство. (Iginio Gagliardone и др., 12:2015)

Со оглед на мноштвото дефиниции кои постојат во стручната правна и комуниколошка литература од оваа област, денеска доминантното определување за тоа што претставува говор на омраза е содржано во Препораката бр.Р(97)20 на Комитетот на министри на Советот на Европа од 1997 г., а која ги подразбира:

> *„...сите облици на изразување што шират, распалуваат, поттикнуваат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или останати облици на омраза заснована врз нетолеранција, вклучувајќи и нетолерантност изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација или непријателство против малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло.”*

Говорот на омраза произлегува низ ограничувањата кои се пропишуваат во врска со грижата за заштита на слободата на изразување, како рамковно право, и тоа како апсолутно граѓанско право на слободата на мислење, и како политичко право со заштитата на слободата на изразувањето на мислењето; токму политичкиот аспект на ова право е предмет на рестрикции и ограничувања низ разработени правни норми „со одредени правно поставени објективни цели“, при што „ограничувањата на правото треба да бидат определувани рестриктивно“, односно „главното право не треба да биде потценето и ограничувањето не смее да биде поголемо од потребата за заштита на правата и основните јавни добра“ (Михајлова и др., 7-9:2013).

Организацијата на Обединетите нации во своите базични документи, како Универзалната декларација за човековите права (1948), Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација (1965), Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Комитетот за граѓански и политички права (1966) и тн., во себе ги инкорпорира осудите и забраните за ширењето на говорот на омраза и дискриминација, низ третманот на гаранциите, но и границите за слободата на говорот и изразувањето, во смисла на принципот дека слободата со себе носи и одговорност за почитување на туѓите човекови права.

5 Во меѓународен контекст, истражувањата на овој феномен вон евро-американските политички, правни и медиумски практики е маргинално и со скромен обем.

Државите членки на ООН со потпишувањето (1966) и ратификацијата (1976) на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права се обврзуваат за почитување на нејзиниот чл. 19:

1. ***Никој не може да биде вознемируван поради своите мислења.***

2. ***Секое лице има право на слобода на изразувањето. Ова право, без оглед на границите, ја подразбира слободата на изнаоѓање, примање и ширење на информации и идеи од сите видови во усмена, писмена, печатена или уметничка форма, или на кој и да е начин по слободен избор.***

3. ***Остварувањето на слободите предвидени во точката 2 на овој член опфаќа посебни должности и одговорности. Следствено на тоа, тоа може да биде подложено на извесни ограничувања што мораат, меѓутоа, да бидат одредени со закон, а се потребни од причините: а) на почитување на правата или угледот на други лица; б) на заштита на државната безбедност, на јавниот ред, на јавното здравје и на моралот.***

Овој член е претходница на следниот, чл. 20, во кој се бара законско ограничување на изразувањето со коешто се пропагира војна (ст. 1) или се повикува на национална, расна или верска омраза, односно поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство (ст. 2).

Важно е да се напомене дека триесетина години по потпишувањето на овој Меѓународен пакт, во 1993 г. е избран и Специјален известувач на ООН чијашто задача е да го набљудува и да го штити и унапредува правото на слобода на мислење и изразување, особено преку новите комуникацики технологии и медиуми. Од анализите и извештаите на овој Специјален известувач станува јасно дека драстично се зголемува количеството на распространета онлајн омраза, што е потврдено и низ податоците на најголемата и најавторитетна светска база за следење на говор на омраза HateBase,[6] која констатира дека покрај етничката и националната припадност кои се на врвот на тематските мети на говорот на омраза, во последните години во постојан раст е мразачкиот говор врз основа на религиска, класна и полова припадност.[7]

Во меѓународен контекст, во последните години се зголемува притисокот за саморегулација на „интернет посредниците“ кои на своите онлајн платформи обезбедуваат услуги за споделување или пребарување на содржини од најразличен формат. Постои шаренило на пристапи што ги практикуваат големите платформи во своите договори со клиентите кога е говорот на омраза во прашање: Јаху и Твитер, на пример, воопшто не ја спомнуваат синтагмата „говор на омраза“, иако имаат наведено бројни квалификации за содржини кои можат да предизвикаат негативни реакции кај корисниците; ЈуТјуб и Фејсбук експлицитно го употребуваат „говорот на омраза“ како содржина којашто ќе се отстрани од нивните платформи, како и Мајкрософт, во однос на бројните апликации кои ги изработува за компјутерските системи и мобилните телефони.

Во последните години, особено заради наглиот пораст на глобалната закана од тероризам, видливи се зголемените напори кај интернет провајдерите и платформите за социјална комуникација на сериозен начин да го третираат растечкиот проблем на ширење омраза преку нивните мрежи. Овие глобални компании вработуваат сè повеќе луѓе кои се задолжени за следење и анализа на содржините на нивните мрежи, развиваат софтверски решенија кои овозможуваат супер брзи обработки на податоци од оваа сфера, а подигнато е и нивото на соработка со националните и меѓународните владини и невладини инстанци кои се занимаваат со регулирање, следење и санкционирање на областа на онлајн говорот на омраза.

6 HateBase
7 HateBase

# ЕВРОПСКА РЕГУЛАТОРНА РАМКА И СТАНДАРДИ

Во европски контекст, релевантни се правните норми и механизми опфатени низ системот на Европската Унија и Советот на Европа, како и правните толкувања, пресуди и преседани воспоставени со работата на Европскиот суд за човекови права кои имаат и казнена и превентивна функција. На тоа се надоврзува и практиката и искуствата на Судот на правдата на ЕУ, кој на едно „повисоко“ ниво се занимава со „дискурсот на фундаменталните човекови права со правење на приоритети на вредности во контекст“ (Шулевска и др., 12:2015). Дополнително, Европската Унија и Советот на Европа имаат воспоставено уште низа механизми и институции (како Европскиот мониторинг-центар за расизам и ксенофобија од 1997 г., потоа наследен од Агенцијата за основни права од 2007 г.) кои имаат донесено бројни повелби, рамковни одлуки и препораки од областа на осудата на говорот на омраза и разните форми на дискриминација или за промоција на културата на толеранција во јавната сфера и низ медиумите.

Како и во случајот на ООН, и во европскиот правен и политички корпус регулирањето и осудата на говорот на омразата се движи низ „меандрите“ на повеќе области, како форми на девијација од бројните загарантирани права на човекот. Имено, „говорот на омраза (...) е во вакуум помеѓу слободата на изразување и правото на заштита од дискриминација, дополнително и правото на верско уверување, па дури и правото на приватност, имајќи ја предвид, од една страна, изразената мултикултурна структура на ЕУ, а, од друга страна, фундаменталната позиционираност на сите овие права“ (Шулевска и др., 11:2015).

Европската конвенција за заштита на човековите права (1950), во двата става на чл. 10, ги воспоставува базичните гаранции за слободата на мислење, изразување и јавно циркулирање на информациите, но со неопходните ограничувања, произлезени од обврските и одговорностите при остварувањето на слободата на изразувањето. Европскиот суд за човекови права ги користи наводите во вториот параграф[8] од чл. 10, во кој се наведуваат условите и причините (особено оние врзани за „угледот и правата на другите“) заради кои може да се ограничи слободата на изразувањето; како и ограничувањата што произлегуваат од чл. 11 (Слобода на

8 Член 10, став 2: „Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.“

собирање и здружување) и генералните услови пропишани во чл. 17 кој говори за Забрана на злоупотреба на правата. Практиката на овој Суд – во која спаѓаат донесени над 10.000 судски пресуди и стотици илјади други одлуки од областа на заштитата на човековите права – која е од извонредна важност за третирањето на делата од областа на говорот на омраза низ европските национални судски практики, со својот либерален пристап на третирање на проблематиката на говорот на омраза разви неколку елементи кои го сочинуваат говорот на омраза: намерата, содржината, односно контекстот на изразувањето и забранетата последица (Камбовски, Лазарова Трајковска, 41:2012).

Врз основа на Европската конвенција за заштита на човековите права, државите членки на Советот на Европа имаат право да донесуваат соодветна национална законска регулатива од областа на регулирањето на слободата на говорот и мислењето, во кои јасно ќе се предвидат и пропишат легитимните околности и пропорционалните мерки за ограничувањата на наведените слободи, без политичка пристрасност и арбитрарност.

Погоре наведената Препорака бр.Р(97)20 на Комитетот на министри на Советот на Европа којашто го дефинира третирањето на говорот на омраза како активност со која се шири, иницира, промовира или одобрува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза базирани врз нетолеранција, вклучувајќи ги и нетолеранцијата изразена низ агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и луѓе со имигрантско потекло, главно се занимава со опфаќање на ширењето група омраза кон странците и поинаквите по вера, раса или нација. Сепак, таа недоволно јасно ги опфаќа другите видови на општествени малцинства (политички, сексуални, културни и тн.) кои секојдневно се наоѓаат под интензивен удар на говорот на омраза. Затоа, ни меѓународните судови, до пред десетина години, речиси и да не се занимаваа со случаи на ширење на говор на омраза кога целта беа маргинализираните општествени групи.

Други дефиниции го проширувaат значењето на говорот на омразата во кои се опфаќаат и други малцински, идентитетски карактеристики на различните групи во општеството – како оние кои се однесуваат на хомофобијата, на пример – инкорпорирајќи ги во себе модерните дефиниции за, од една страна, основните човекови права, во комбинација со политичките права за слобода на говор и изразување. Тоа, често, освен од меѓународните стандарди, зависи и од конкретните состојби на групни дискриминации во овие области според развојот на правните контексти во поединечни, конкретни земји.

Во јавноста, говорот на омраза, третиран со кривично-правните квалификации на казниви дела, често се меша со класичните политички некоректности, ширење невистини, омаловажувања и други видови на абразивни говори низ медиумите и во јавната сфера кои се третираат според граѓанско-правниот пристап за делата за навреда или клевета против честа и угледот на поединци и други видови на индивидуална дискриминација, мешајќи ги поединечните и групните идентитетски карактеристики на индивидуите и, во потесна смисла на зборот, културата на која ѝ припаѓаат и со која ги споделуваат своите животни стилови и верувања. Затоа, со право, некои автори потсетуваат дека „фундаменталните особини што се заштитени од говорот на омраза се: раса, религија, јазик, етничка припадност и национално потекло, телесна и ментална попреченост, сексуална ориентација и/или родов идентитет“, што ги исклучува „другите можни идентитетски особини што се менливи (како политичката афилијација, брачниот статус, нивото на образование, социјалната положба)“ и слични карактеристики (Шулевска и др., 8:2015).

Сепак, иако правно поинаку нормирани, толерирањето и несанкционирањето на преголемата јавна употреба на навреди и клевети врзани за индивидуалните достоинства на личностите заради нивните лични политички, социјални, културни или други убедувања и карактеристики често „логично“ води до „отежителните околности“ на употреба на говор на омраза

како „повисок степен“, од индивидуално, граѓанско-правно, кон колективно, кривично-правно омаловажување на „инфериорноста“ на одредени идентитетски групи. Со други зборови, општото симнување на границите на пристојноста во јавната комуникација на индивидуално ниво, следствено отвора пат за групни дисквалификации и омаловажувања кои ги имаат правните и политичките карактеристики на говорот на омразата.

Треба да се напомене дека Советот на Европа, во 2001 г., а потоа и дополнета со посебен Протокол во 2003 г., ја има донесено и тнр. Конвенција за сајбер-криминал, во чиј Протокол (во чл. 3, 4, 5, 6 и 7) се санкционира ширењето на расистички и ксенофобични содржини и пораки, меѓу другото, и со помош на компјутерски системи.

Во европскиот меѓународно-правен контекст од оваа област, важни се и искуствата на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во делот во кој таа се занимава со заштитата и практикувањето на слободата на изразувањето, а со тоа и со нивните девијации во форма на говорот на омраза. Во рамките на ОБСЕ и неговиот Комитет на министри во периодот од 1975 г. до денес донесени се повеќе заклучоци и препораки кои се однесуваат на осудата на говорот на омраза, а кои произлегуваат и од Заклучниот документ од Копенхашката Конференција за човечката димензија (1990). Во 1997 г. ОБСЕ ја основаше и својата специјализирана Канцеларија на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиуми во чијашто надлежност се политиките и практиките на земјите членки на оваа организација во областа на слободата на изразувањето и слободата на медиумите. Оваа Канцеларија стана вистински посредник во решавањето на недоразбирањата, па и кризните состојби помеѓу некои од властите во членките на ОБСЕ и медиумските сектори, новинарите и нивните професионални здруженија во тие земји.

На состанокот на ОБСЕ во Мастрихт во 2003 г., се усвоени важни одлуки кои ги третираат „делата на омраза“ мотивирани од нетрпеливост кон одредени општествени групи, а во 2006 г. е одлучено Канцеларијата за демократски институции и права на човекот (ODIHR) да собира, статистички да обработува и да објавува податоци за сторени кривични дела од омраза во своите земји членки. ОБСЕ е и водечката меѓународна организација која се занимава со потребата од реформи на казнените законодавства во насока на „развивањето на концептот на казнените дела на омраза и говорот на омраза ... во пресрет на заедничките интереси на државите за развивање на таков концепт, кој е соодветен одговор на барањата на новото време, што се состојат во конфронтирање на фактот на културен, национален, етнички, религиозен итн. диверзитет со предизвиците на информатичкото општество“ (Камбовски, Лазарова Трајковска, 4:2012).[9]

Ефектот од одлуката на Европскиот суд на правдата од 2014 година, со која Гугл се натера, на поединечно барање, да ги брише содржините и пребарувањата за поединци доколку процени дека се нерелевантни или застарени, покажа дека интернет компаниите не се имуни од досегот на меѓународната легислатива, но и предизвика ефект на „територијализација“ на глобалниот интернет, со можност за негова понатамошна национална „фрагментација“ во смисла на правната рамка за делување, што може да доведе до опасност заради различните географско-политички толкувања за она што е прифатливо, а што не како слобода на говор (и нејзина злоупотреба) и во виртуелната сфера.

9 За детален компаративен преглед на европските национални казнени законодавства кои се занимаваат со делата од областа на дискриминацијата и омразата, кои одговараат на уставните и правните модели на различните европски држави, види во: „Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говор на омраза“, Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Скопје, септември 2012, од академик Владимир Камбовски и д-р Мирјана Лазарова Трајковска.

Како илустрација за поместувањата во оваа област во разни земји – меѓу кои е и актуелната британска иницијатива за регулирање на онлајн екстремизмот во земјите членки на групата Г7, како и иницијативата на Европската Комисија од средината на 2017 година со која се охрабруваат големите социјални интернет платформи да покажат „проактивност" во насока на сузбивањето на „нелегални содржини" на своите мрежи[10] – вреди да се спомене дека во октомври 2017 година во Германија стапи на сила нов закон (Das Netzwerkdurchsetzungsgesetz или NetzDG), усвоен во јуни истата година, со кој се регулира отстранувањето на содржини од платформите на социјалните медиуми кои се проценуваат како говор на омраза: за случаите во кои нема дилеми, периодот за отстранување е 24 часа од пријавата, а за оние случаи кои се третираат како покомпликувани, рокот за проценка и отстранување е 7 дена. Законот се повикува на постоечката германска регулатива за забрана на говорот на омраза во тамошниот Кривичен закон, но е наменет и прилагоден специфично за содржината пласирана преку социјалните мрежи. Казните за сопствениците на социјалните платформи (од Фејсбук, ЈуТјуб и Твитер, до Редит, Фликер, Вимео и многу други) се драконски (можат да достигнат до 50 милиони евра!), а секоја од овие платформи мора да назначи лице за контакт со надлежните органи во Германија кои ќе имаат право на одговор на секоја поединечна пријава од 48 часа.

Германската влада, за почеток, ангажира 50 административци кои ќе се грижат за следење и спроведување на насоките од законот. Главниот проблем – нетериторијалноста на некои од овие компании на тлото на Германија, што ќе го отежне нивното правно процесуирање во случај на спор – останува да се види како ќе биде разрешено во правната практика, но се спомнува и контроверзната можност за блокирање на нивните сервиси до клиентите во Германија.

Од друга страна, критичарите на ова законско решение стравуваат дека сопствениците на компаниите кои ги поседуваат социјалните мрежи, сега, уплашени од високите казни што се закануваат, драстично ќе го спуштат прагот на толеранцијата за слободата на онлајн изразување, па ќе забрануваат секакви содржини коишто можеби би можеле да ги доведат во судир со законот.

Впрочем, искуствата од Русија, која во јули 2017 година воведе многу сличен закон на германскиот, покажува дека таа регулатива веќе се применува во недемократски правец на задушување на слободата на говорот на интернет во Русија.

10 Тоа ја покрена дебатата за тоа како да се дефинираат „нелегалните содржини" и, доколку се смисли некаков автоматизиран систем за „чистење" на мрежите од „неприфатлива" содржина, дали тоа нема да доведе до воведување на некаков нов, неселективен облик на „алгоритамска цензура"?

# АНАЛИЗА НА МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И СТАНДАРДИ

Познато е дека во Република Македонија до сега не е донесен закон во којшто проблемот и правната материја врзана за говорот на омраза би се уредил на посебен, сеопфатен, кохерентен начин. Во постоечката законска рамка, пак, говорот на омраза се третира низ повеќе законски текстови, но за негово кривично гонење во Кривичниот закон не постои специфичен член во кој тоа дело би било јасно и директно инкриминирано, како засебно кривично дело, што до некаде влијае врз судската практика за доследно, ефективно гонење на оние кои шират говор на омраза. Како што со право констатираат врвните експерти од оваа проблематика, „релевантни можат да бидат само податоците засновани врз правосилните судски пресуди, но ако во казнено-правниот систем на државата не е прифатен посебен концепт на дела на омраза и тие немаат соодветна формално-правна квалификација, остануваат надвор од видното поле на службените статистики и други извори на податоци“ (Камбовски, Лазарова Трајковска, 5:2012). На тој начин, не само што нема доследно гонење за казнените дела за говор на омраза како заштитна функција на казненото право, туку изостанува и превенцијата за нивно извршување и за понатамошно ширење на говор на омраза во јавната сфера на општеството, до степен на колективни мразачки кампањи.

Дополнително, кога станува збор за онлајн медиумите, во двата „носечки“ закони кои ја третираат медиумската сфера – Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – дефинирањето и опфатот на интернет-медиумите не е предмет на регулација, иако онлајн медиумите се предмет на регулација во **Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета** (2012), кои се опфатени под терминот „електронски публикации“ како медиум преку кој може да се извршат навредите и клеветите (чл. 6 и 8), но не и говорот на омраза, како дело против носители на одреден колективен идентитет.

Од друга страна, повеќето домашни правни и медиумски експерти се согласуваат со констатацијата дека останува предизвикот „како етичките и професионалните принципи кои важат за традиционалните медиуми да се применуваат и од страна на интернет-медиумите“ (СЕММ, 2:2017). Овој предизвик станува сè поголем со оглед на несопирливо растечките трендови на употребата на новите медиуми во секојдневните комуниукации во Македонија.

Според податоците за 2016 г., 75% од македонските домаќинства имаат пристап до интернет, а дури 72% од старосната група од 15-74 години користи интернет,[11] вклучувајќи го и речиси двојниот пораст (од 19% во 2014 г., на 37% во 2016 г.) на оние испитаници кои навеле дека интернетот им е примарниот извор за информативно-политички содржини.[12] Според статистиките на МАРнет, која е овластена за регистрирање на домени со *.мк* екстензија во земјава, на крајот од 2017 г. биле вкупно регистрирани 27.416 такви интернет адреси.[13] Доколку на тоа се додаде и податокот дека во 2015 г. над еден милион профили на Фејсбук имале македонски адреси (Сарачини и др., 11:2015) јасно е дека интернет „сообраќајот“ игра голем удел во можноста за и практиките на ширење на говорот на омраза во Македонија.

„Политичките, етничките и верските поделби се реплицираат и во онлајн-сферата - најмногу доминирајќи на социјалните мрежи, но, исто така, често се присутни во содржините генерирани од корисниците/публиката (User Generated Content - UGC), и до одреден степен, исто така, во содржините произведени од страна на новинарите... Постојаната деградација на квалитетот на јавниот дискурс ... произведуваат јавност што не е во можност пристојно да дебатира за речиси ниедно прашање од јавен интерес. Поголем дел од публиката станува плен на овој пропагандистички дискурс и не е во можност да им се спротивстави на суптилните форми на манипулација и да биде способна критички да ги набљудува медиумските содржини. Ова резултира со зајакнување на стереотипите и експлозија на говорот на омраза, што е особено видливо на социјалните мрежи или на страниците каде што содржината е создадена од корисниците (крауд-сорсинг страници)“ (Сарачини и др., 12-13:2015). Ситуацијата може да се опише и уште посликовито: „Македонскиот кибернетски простор стана Cloaca Maxima на јавниот дискурс и низ него, во суштина, можат да се следат реалните одекнувања од пораките што се испраќаат преку најзастапените медиумите и од официјалната јавна сцена“ (Беличанец, 3:2010).

Токму за потребите на препознавањето и справувањето со овој непосакуван општествен феномен присутен и во македонската виртуелна реалност, Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“ од Скопје, во еден свој Водич за говорот на омраза на интернет вака ја дефинира суштината, опфатот и технологијата преку која се шири говорот на омраза:

> *„Во најширока смисла, под говор на омраза ‘он-лајн’ (‘сајбер-омраза’) се подразбира која било употреба на технологијата на електронски комуникации за ширење антисемитски, расистички, ксенофобични, дискриминаторски, екстремистички или терористички содржини. Изразот говор на омраза ‘он-лајн’ е поширок од изразот говор на омраза на интернет затоа што ги опфаќа не само интернет-содржините (веб-страници, социјални мрежи, кориснички-генерирани содржини, блогови, он-лајн игри, е-пораки итн.) туку и содржините на мобилните телефони.“* **(Трајановски, 2:2014)**

Во истиот Водич, зависно од дигиталната платформа која се користи, авторот набројува седум видови на говор на омраза на интернет: *мразачки сајтови* (преку кои „омразата се мобилизира за да се гради заедница, за да се шири одредена идеологија, да се регрутираат нови членови, или пак да се охрабруваат или промовираат дела од омраза“); *мразачки блогови* (кои „нудат можност на мразачите преку селективно модерирање на анонимни коментари да

11 Државен завод за статистика на РМ, Статистика по области – информатичко општество: клучни показатели за 2016 г. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=27
12 “Survey of Macedonian Public Opinion”, април 2016, IRI. Достапно на: http://www.iri.org/sites/default/files/wysiwyg/iri_macedonia_survey_april_2016_0.pdf
13 МАРнет

создадат заедница што споделува само негативни коментари и стереотипи кон одредена група"); *е-пошти* (*и-мејлови* – „медиум што најтешко се контролира"); *мразачки он-лајн игри* („поттикнуваат насилство кон одредена група"); *социјални мрежи* („Фејсбук и другите социјални мрежи се преполни со страници што промовираат омраза, па дури и со групи што директно поттикнуваат на насилство"); *видео и музика* (мразачки песни и видеа); и *автоматски содржини, фиктивни идентитети и други стратегии* („со користење на компјутерски генерирани содржини" и „техники на оптимизација на пребарувачи") (Трајановски, 6-7:2014).

Како што се гледа, дополнителна потешкотија во третманот на онлајн медиумите во услови на нивна изрична законска нерегулираност во областа на говорот на омраза е и податокот дека најголемиот број содржини објавени на овие електронски платформи се анонимни, дури и кога се пласирани во форма на новинарски прилози. Едно истражување направено во 2013 г. покажало дека, во третманот на меѓуетничките тензии низ овие медиуми во Македонија, „професионален принцип што ретко се почитува на онлајн-медиумите е потпишувањето на текстовите/пакетите од авторите новинари", односно дека во ова истражување се покажало дека "само во 11,4% од анализираните онлајн-пакети е идентификуван авторот" (Шопар, 53:2013).

Во недостаток на директна законска инкриминација што би се занимавала со санкционирање на ширењето на говорот на омраза низ онлајн медиумите, оваа материја индиректно се третира низ десетина други законски текстови.

Со оглед на наведеното, како една од правните контроверзи се наведува примерот со измените на **Изборниот законик** (2016) во кои во еден од членовите (чл. 75) се наведени и електронските медиуми, односно интернет-порталите, за кои се предвидени и прекршочни санкции во случај на нарушување на пропишаните стандарди за покривање на изборите (чл. 76-в, ст. 3). Надлежниот државен орган за мониторирање на постапките на медиумите, Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, одби во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси да ги вклучи и електронските медиуми (интернет-порталите), иако тоа го налагаше Изборниот законик (во чл. 76-в, ст. 8), со образложение дека „Законикот не го дефинира поимот 'интернет-портали', ниту неговиот опфат", а дека тоа не само што го нема ни во еден друг позитивен пропис во државата, туку дека не е познато ни како практика во европската регулатива за мониторирање на избори.[14]

Од правен аспект, во Република Македонија оваа проблематика е разработена во повеќе правни и законски документи, кои произлегуваат од генералните заложби во **Уставот на Република Македонија** (чл. 16) во кој „се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање", како и „слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации", каде што експлицитно е наведено дека „цензурата е забранета". Во чл. 54, пак, се пропишува дека дури ни во воена или вонредна состојба, ограничувањето на слободите и правата на човекот не може да биде дискриминаторско, врз основа на полот, расата, бојата на кожата, јазикот, верата, националното или социјалното потекло, како и имотната или општествената положба.

Сепак, кога слободата на говорот ќе биде исполнета со негативните предрасуди врз групна основа на говорот на омразата, нивното активирање (стварно или потенцијално) низ криминално однесување води до нарушување на еднаквоста на слободите и правата на другите. Затоа, низ другата легислатива во правниот корпус на државата се разрешува „тензијата" помеѓу слободата на говор и нејзиното нужно ограничување, за да се спречи поттикнувањето на

14 ААВМУ, „Став на Агенцијата за обврската да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет-порталите", ААВМУ, Скопје, 2016

нетолеранција и насилство, врз основа на дискриминација и ширење омраза. Во тоа помага и уставниот чл. 118 кој пропишува дека меѓународните договори ратификувани од Република Македонија стануваат дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менуваат со закон, што се однесува и на проблематиката за која овде станува збор.

Законските одредби коишто ја санкционираат употребата на говорот на омразата во јавноста се третирани низ неколку членови на **Кривичниот законик на РМ** (1996), каде се пропишани парични или затворски казни за дела коишто опфаќаат различни елементи на ваквиот абразивен јавен говор, како оној кој „со намера за исмејување јавно ќе ги изложи на подбив македонскиот народ и припадниците на заедниците кои живеат во Република Македонија“ (чл. 179) и оној кој „со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување туѓи предмети, со скрнавење споменици, гробови или на друга начин ќе предизвика или ќе разгори национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост“ (чл. 319), но и во претходниот член, 318, каде се санкционира поттикнување насилна промена на уставниот поредок во земтата. И во чл. 417, ст. 3, се санкционира пропагирањето на расната супериорност и омраза или поттикнувањето на расната дискриминација.

Она што е важно за оваа анализа е дека во чл. 394-г од Кривичниот законик на РМ се санкционира ширењето на говорот на омраза преку компјутерски систем,[15] ако претставува ширење во јавноста на расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија што помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на „пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор“. Предвидената казна затвор е од една до пет години, а во потешките случаи (кога делото се врши со злоупотреба на положбата или овластувањата или ако се предизвикани безредија и насилства и штети од големи размери), тогаш пропишаната казна затвор е од една до десет години.

Покрај ова, во чл. 144, ст. 4, од Кривичниот законик се санкционираат и заканите преку информатички систем за чинење на тешки кривични дела (за коишто е пропишана казна затвор од најмалку пет години), поради припадност во сите оние групи наведени во чл. 394-г.

Кривичниот законик предвидува и гонење на дела кои имаат природа на меѓународни злосторства, како геноцидот (чл. 403), одобрување или оправдување геноцид и злосторства против човечноста или воени злосторства (чл. 407-а) и расна и друга дискриминација (чл. 417).

Во 2010 г. е донесен, а потоа во неколку наврати е менуван и надополнуван **Законот за спречување и заштита од дискриминација** во кој е пропишано востановувањето на самостојниот и независен орган **Комисија за заштита од дискриминација**. Нејзината надлежност и опсег на делување, пропишани во 12 точки на чл. 24 од Законот, иако немаат правно-обврзувачко дејство, оставаат голем простор – и по надворешни претставки и по сопствена иницијатива – за јавно влијание, преку давање мислења и препораки (чл. 28), вклучувајќи промоција и едукација (чл. 24, точка 5) во сферата на информирањето, преку препознавањето и инкриминирањето (и) на говорот на омразата во општеството.

15 Според Кривичниот законик на РМ, „под компјутерски систем се подразбира каков било уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма.“

Во чл. 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација наброени се сите основи,[16] превземени од Универзалната декларација за човекови права на ООН (1948) и Европската конвенција за човекови права (1950) на Советот на Европа, но збогатени и со елементи од Кривичниот закон на РМ, според кои се забранува говорот на омраза и неговото ширење преку „повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување“. Во неколку други членови (чл. 5, чл. 7) се дефинира значењето на вознемирувањето и поижувачкото постапување врз дискриминаторска основа, а во чл. 9 се прецизира дека „како дискриминација ќе се смета и секоја активност со која некое лице директно или индиректно повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува друго лице да изврши дискриминација“. Дополнително, во чл. 14, точка 7, за дискриминација нема да се смета „остварувањето на уставно гарантираното начело на слобода на говорот, јавниот настап, мислење и јавното информирање“. Правна одговорност е предвидена за дела што повикуваат или поттикнуваат на дискриминација и помагање на дискриминаторски третман врз основа на дискриминаторски основи (член 42), за повреда на достоинството или воспоставување заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика (член 43).

Овој дискурс на правно размислување е пренесен и во **Законот за медиуми** (2013) кој на сличен начин (во чл. 4) ги пропишува забраните за поттикнување и ширење на дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на колективни идентитетски карактеристики на некоја заедница во општеството. Во овој Закон надлежноста за постапување во случаите на поттикнување или ширење на говор на омраза преку радиодифузните медиуми е дадена на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и нејзиниот директор, на кои на располагање им стои целиот дијапазон за надзор и реакција во случај на говор на омраза: од опомени, преку покренување прекршочни постапки, до одземање на концесијата и бришење од регистерот на медиуми, согласно **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (2013), кој и самиот (во чл. 48) забранува програми кои содржат, поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

Онлајн медиумите не се регулирани со овие два закони.[17] Затоа, како што веќе наведовме во случајот со Изборниот закон, **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** се иззема себеси од превземање иницијативи или решавање по претставки за случаите на говор на омраза во онлајн медиумите. Инаку, овластувањата на нејзиниот директор во областа на радиото и телевизијата е да донесува опомени, да поднесе барање за покренување прекршочни постапки, да поднесе кривични пријави, но и да предложи до Советот на Агенцијата да се одземе дозволата за работа на односниот медиум и да се донесе решение за негово бришење од регистерот на македонски медиуми во случаи кога ќе се констатира ширење говор на омраза низ овие медиуми.[18]

Затоа, некои автори потенцираат дека е „евидентна културата на неказнивост на престапите на онлајн медиумите“ (Ричлиев, 3-2017-б), како резултат на институционалната инертност. Дури и тогаш кога надлежните органи превземаат мерки за санкционирање на одредени постапки во македонската онлајн сфера,[19] тоа никогаш не го прават врз основа на случаи

16 Со овој член во Законот се забранува „повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.“

17 Во ноември 2017 г., Македонската влада објави дека нема да иницира промени во Законот за медиуми со кои би се регулирала работата на интернет порталите, освен ако таква иницијатива не дојде од професионалните новинарски и медиумски здруженија, доколку сметаат дека има потреба за тоа.

18 И во „терестријалната“, офлајн сфера, Агенцијата до сега нема донесено ниту едно построго решение за санкционирање на медиумски практики на ширење на говор на омраза, со исклучок на неколку „неформални предупредувања“ и една дводневна забрана за рекламирање на една од националните телевизии („Канал 5“ за ширење говор на омраза во емисијата „Миленко Неделковски шоу“)

19 На пример, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика во декември 2016 г. и во февруари 2017 г. кривично обработувал поединци кои на социјалната мрежа Фејсбук постирале закани или навреди за странски државници или странски дипломатски претставници во Македонија (во случајов, навреди против турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган и закани по животот и безбедноста на амбасадорот на САД во Македонија и неговото семејство).

на повикувања за колективна дискриминација или ширење говор на омраза.[20] Во севкупната правосудна пракса на Република Македонија до сега не е забележен случај на покренување и правна разрешница на дела од областа на говорот на омраза. Односно, македонските органи на прогонот, а пред сè Јавното обвинителство на Република Македонија, немаат воспоставено никаква практика на гонење на евентуални извршители на овие дела, иако во јавноста се бројни случаите кај кои би можеле да се идентификуваат правни основи за прогон на вакви кривични дела.[21] Сите правни експерти консултирани во неколку истражувања на оваа тема, како и авторите на клучните студии од оваа област во Македонија, се согласуваат дека македонскиот правосуден систем има „недоследен и селективен однос кон промоторите на говор на омраза“ (Живановски, 9:2017), дека „реакцијата на судовите и на другите надлежни органи на таквите однесувања се сведува на спорадична и претпазлива примена на пропишаните законски мерки, проследена најчесто со медиумски објаснувања на инкриминираниот настан како изолиран случај“ (Камбовски, Лазарова Трајковска, 52-53:2012).

Сепак, не се само надлежните државни институции и легислативната рамка во земјава алатката за ефикасно спротивставување на офлајн и онлајн ширењето на говорот на омраза. Таа задача ја имаат и професионалните здруженија низ напорите за стандардизација и саморегулација на медиумските активности, како и невладините организации во чиј фокус се промоцијата и заштитата на човековите права и слободи.

**Здружението на новинарите на Македонија** (ЗНМ) е водечката професионална, невладина организација во државата којашто се занимава со заштита на слободата на медиумите и новинарското изразување, но и со грижа за почитување на новинарските стандарди во работата и известувањето на медиумите. Во Кодексот на новинарите на Македонија (2001), во чл. 10, експлицитно се пропишува дека

> *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*[22]

Во остварувањето на ваквите заложби, ЗНМ редовно ја третира темата на говорот на омраза преку одржување обуки наменети за негување на професионалните стандарди од страна на новинарите, како и објавување реакции во конкретни случаи и издавање студии, упатства или препораки кои се однесуваат на препознавањето и избегнувањето на употребата на говорот на омраза во медиумите. Така, на пример, **Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија** во 2012 г. издаде „Прирачник за етиката во новинарството“, поаѓајќи од претпоставката дека „во мултиетничките и мултиконфесионалните општества ... новинарскиот пристап

20 Овде треба да се спомене и „обратниот“ контекст на насилствата, а тоа е дека во 2015 г. во Македонија дојде до особен наплив на тешки физички и друг вид на насилства против сопственици или уредници на интернет медиуми (како дел од неколкугодишната широка кампања на насилство против неистомислениците со тогашната власт во државата). Во регистерот на ЗНМ за насилство против новинарите во последните неколку години се регистрирани над 50 вакви, потешки и полесни случаи, но во речиси ниту еден случај не е дојдено до истражна и правна разрешница од страна на надлежните органи во државата.

21 На прстите од една рака можат да се набројат случаи кога се покренати истраги за истапи кои имаат карактер на говор на омраза, во што спаѓаат неколку истраги поврзани со случувања (навивања и други испади) на спортски настани; еден случај на палење на македонско знаме (јануари 2012 г.) во едно струшко село; заради пишување на графити со карактеристики на говор на омраза; или во случајот на Вевчанскиот карневал (јануари 2012 г.) за сомневање за навреда на чувствата на припадниците од муслиманска вероисповетс. Но, во ниту една од покренатите истраги нема правосилна судска завршница. Последен ваков случај е забележан со покренување на истрага во врска со наводно ширење на говор на омраза преку интернет во 2017 г. за омаловажување на припадници од ромската заедница, без јавно соопштени детали за одвивањето на натамошната истражна постапка.

22 Овој член директно реферира на содржината на чл. 7 од Декларацијата за принципите за однесувањето на новинарите на Меѓународната федерација на новинари (IFJ, чијашто членка е и ЗНМ), усвоена на Светскиот конгрес на IFJ во 1954 г., а потоа и амандмадирана во 1986 г., а кој гласи: „Новинарите ќе бидат свесни за опасноста дискриминацијата да биде ширена од страна на медиумите и ќе направат сè за да го избегнат овозможувањето на таквата дискриминација втемелена на, меѓу другото, раза, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, политички или други ставови, и националното или социјалното потекло.“

со кој медиумите ги претставуваат одделните општествени групи, начинот на кој се фокусираат или ги опишуваат негативните појави и процеси, може отворено или суптилно да поттикнува стереотипи, етноцентризам, ксенофобија и говор на омраза“ (Чаусидис, Бојаровски, 4:2012).

Впрочем, поголемиот дел од работата на ова тело на ЗНМ и се сведува на случаи од областа на говорот на омраза, бидејќи „искуството на Советот на честа на ЗНМ по 2008 година говори дека во македонските медиуми најчести прекршувања на Кодексот се однесуваат на појавата на говор на омраза и дискриминација, како и поттикнување предрасуди и стереотипи по разни основи, етничка, политика или сексуална определба“ (Тунева, Кока, 71:2016).

Во 2017 г. ЗНМ објави Препораки за одговорни онлајн медиуми, проследени и со Препораки за зголемување на интегритетот и професионалноста токму во сферата на онлајн медиумите. Во овие документи се констатира дека „македонската онлајн сфера е преплавена со информативни веб страници кои се претставуваат како медиуми“, а на кои, меѓу другото, е присутен говорот на омразата и дискриминацијата (Ричлиев, 1:2017-б). Од околу 300 активни веб страници кои пласираат различни информации, „барем половината имаат содржини кои се доминантно општествено-политички ангажирани“, иако многу од овие медиумски „ентитети, иако стигнуваат до голема публика и нудат информации, не го заслужуваат епитетот медиуми, затоа што содржината не ја произведуваат новинари и тоа што се пласира не е проверено од уредници“, па заради тоа можат да се наречат и „парамедиуми“, кои внесуваат забуна кај публиката за потеклото и професионалниот квалитет на содржините што ги пласираат (Ричлиев, 1-2:2017-а).

И **Комисијата за жалби при Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ)**, тело кое е резултат на настојувањето медиумите во Македонија да придонесат во напорот за сопствената професионална саморегулација, во март 2017 година излезе со комплетна анализа за своето две и пол годишно работење. Анализата констатира дека од 190 одлуки кои ги донела Комисијата врз основа на примените жалби до Советот, во 44 случаи (или 22% од вкупниот број на одлуките) се однесуваат за сторени прекршувања од областа на говорот на омразата и дискриминацијата, санкционирани врз основа на чл. 10 од Кодексот на новинари на Македонија. Комисијата констатира дека „најчесто станува збор за ширење на говор на омраза врз основа на сексуалната ориентација и врз основа на политичката определба на засегнатите групи и поединци“ и тоа во најголем број на случаи во он-лајн медиумите и од некои новинари кои се и автори на емисии во електронските медиуми (Тахири, Адамчевски, 27:2017). Во својата анализа, Комисијата детално обработува десетина случаи на говор на омраза, тргнувајќи од претпоставката дека „онлајн-медиумите, како и традиционалните медиуми, имаат одговорност да не објавуваат коментари што ги надминуваат границите на јавната критика и што содржат експлицитни пораки со говор на омраза“ (Тахири, Адамчевски, 26:2017).

Во изминатите неколку години, **Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија** е една од најактивните невладини организации во државата што се занимава со континуирано следење на феноменот на говорот на омраза. Таа раководи и со веб-платформа (www.govornaomraza.mk), основана во април 2014 година, за перманентно следење и документирање на говорот на омраза во Македонија, за кои редовно поднесува и пријави до надлежните институции, од кои еден дел се однесуваат и за објавени текстови, коментари или друга содржина на социјалните мрежи (Шулевска и др., 8-9:2015-б).[23] Хелсиншкиот комитет спроведува и редовни јавни кампањи посветени на алармирање на јавноста и за сузбивање на феноменот на говорот на омраза во Македонија, поттикнувајќи јавен дијалог на оваа тема и критикувајќи ја инертноста на надлежните институции кои не се ангажираат за правно процесуирање на случаи од оваа област.

23 На пример, во првата година од своето постоење 2014-2015, преку своите 20 волонтери распоредени низ географските региони во Македонија, биле поднесени вкупно 237 пријави.

Една од позначајните иницијативи против ширењето на говор на омраза во Македонија е и интернет платформата **„Стоп за говорот на омраза на интернет“**[24] **(www.nemrazi.mk / www.mosurrej.mk)**, основана во 2012 г., која собира и презентира информации и образовни содржини поврзани со борбата против говорот на омраза. Таа е активистички резултат на колективниот напор на неколку невладини организации (Метаморфозис, Македонски образовен форум - МОФ, Реактор и Центарот за нови медиуми), како дел од иницијативата за „Движењето против говор на омраза“ (“No Hate Speech Movement”) покренато од Советотот на Европа. Заедницата функционира и преку социјалните мрежи Фејсбук (fb.me/nemrazi) и Твитер (@nemrazi и #немрази). Оваа иницијатива спроведува повремени истражувања, информативни кампањи, издава практични упатства и претставува дигитална библиотека во која се складира домашна и странска литература и друг вид на изданија поврзани со говорот на омраза релевантни за Македонија.

И **Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**,[25] формирана во 2007 г., опфаќа повеќе македонски невладини организации (ХОПС-Опции здрав живот Скопје, Х.Е.Р.А, ИЗБОР-Струмица, ЕГАЛ, СТАР-СТАР, Заедно посилни – здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ во Македонија) кои, меѓу другото, реагираат на ширењето на дискриминацијата и говорот на омразата насочени кон маргинализираните заедници во државата.

24 „Стоп за говорот на омраза на интернет“
25 Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“

# КЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Анализата на проблемот за онлајн ширењето на говорот на омраза упатува на тоа дека е потребна повисока општествена синергија за пристапување кон овој сериозен и реален општествен проблем. Потребен е долгорочен ангажман и предаденост не само на надлежните државни органи кои се задолжени за следење, превенција и санкционирање на онлајн говорот на омраза, туку и подигнување на јавната свест и уште поголема координација во граѓанскиот сектор за делотворна општествена акција. Притисокот врз медиумите треба да овозможи постојан третман на оваа тема низ традиционалните и новите медиуми, со дебати, кампањи и друг вид на активности што ќе ја подигнуваат јавната свест и нивото на политичката култура во земјата против употребата и ширењето на дискриминаторските и практиките на говор на омраза во јавната сфера.

Повеќето експерти посочуваат дека еден од главните проблеми во оваа сфера е инертноста на македонските правосудни органи за гонење, процесуирање и санкционирање на делата од областа на говорот на омраза. Неопходно е подигнувањето на нивото на проактивност кај Јавното обвинителство кое би морало да почне да гради правна практика на гонење на овие дела на интернет, со што ќе се зголеми и превентивната улога на законите за обесхрабрување на оние кои ја злоупотребуваат слободата на говорот на социјалните мрежи. Во оваа смисла, можеби е неопходно и одредено прецизирање на правните одредби, па и носење на посебен закон, по примерот на некои позитивни меѓународни практики, што на кохерентен начин би се занимавал со проблемот на говорот на омраза на онлајн медиумите, со јасно лимитирање на можноста да се ограничи слободата на говорот и информирањето во земјата. Судството, пак, треба редовно и со внимание да ги следи практиките на Европскиот суд за човекови права и другите меѓународни организации кои засилено воспоставуваат правни практики и норми за однесување во случаите на дискриминаторските и мразачки содржини пласирани онлајн.

Позицијата и можната улога на формалното образование во основните и средните училишта претставува голем неискористен потенцијал за воспитување на помладите генерации за опасностите и штетноста од ширењето говор на омраза во мултикултурниот амбиент на Македонија, низ дигиталната, виртуелна реалност. И тоа не само како неопходност говорот на омраза да се избегнува, туку таквата практика и да се пријавува преку можностите кои за тоа ги даваат различните интернет платформи. Образованието треба да стимулира практики и проекти кај учениците што ќе ја поттикнуваат нивната креативност во општествено полезни активности на интернет, но и со зајакнување на образовните компоненти за критичко мислење кај средношколската популација. Тоа ќе наметне и потреба за дополнителна обука на образовните наставнички кадри, што мора да биде задача на Министерството за образование на РМ.

Професионалните медиумски и новинарски асоцијации и нивните саморегулаторни механизми треба да продолжат недвосмислено и без отстапки да го осудуваат говорот на омраза и во сајбер-сферата, како и да ги продолжат обуките за своите членови за професионалните стандарди во новинарството, не само на ниво на репортерите, туку и на уредниците, па и на сопствениците на медиумите.

Но, притисокот за сузбивање на онлајн формите на говор на омраза мора да се „сподели" и од страна на домашните интернет провајдери, агрегаторите на вести и платформите за пребарување кои треба да покажат поголема иницијатива и свест за тоа дека тие не се „неутрален" посматрач на општествените проблеми, туку, во соработка со невладините и владините актери, врз основа на утврдени стандарди, да овозможат одредени интервенции во интернет мрежата кога ќе се работи за неспорни состојби за ширење дискирминаторски ставови и говор на омраза.

Конечно, говорот на омраза ретко се појавува без вистински општествени состојби во кои групната омраза објективно постои. Неговото сузбивање не е, примарно, обвинителско-полициски, туку општествено-политички проблем. Затоа, политичарите се, сепак, најголемиот извор на поттикнување на говорот на омраза во јавноста, но и најголемиот ресурс – заедно со граѓанското општество – за негова осуда и обесхрабрување.

# ПРЕПОРАКИ

- **Интервенција во законската рамка** за третманот на говорот на омраза во офлајн и онлајн медиумите со што ќе се дојде до кохерентен и правно издржан контекст за превенција и санкционирање на овој заканувачки општествен феномен;
- Воведување на методолошки издржани и технолошки поддржани **механизми за следење и мерење на говорот на омразата** во македонскиот сајбер-простор и можност за негова категоризација и статистичка обработка (географска, старосни групи, тематска и тн.), што ќе овозможи соодветна прогностика и обработка на трендовите, како и конкретни акции за детекција, превенција и подобро санкционирање на овие појави;
- Воведување на **централизиран, функционален административен механизам за граѓанско пријавување на сомнеж за говор на омраза**, што би им ја олеснило работата на надлежните институции за понатамошна постапка во евентуалниот третман на пријавените сомневања од оваа област;
- Спроведување на **дополнителни обуки на функционери во надлежните институции на државата** (Јавно обвинителство, Комисија за спречување дискриминација и сл.) за нивна дополнителна специјализација во областа на гонењето на офлајн и онлајн говорот на омраза;
- Воведување на **конкретни образовни содржини во нивоата на основно и средно образование** кои ќе се однесуваат на комуникацијата на интернет и низ социјалните мрежи („дигитално граѓанство“), со посебен осврт врз феноменот на слободата на говорот и нејзиниот антипод – ширењето говор на омраза;
- Јасно политичко и јавно **охрабрување и зголемување на овластувањата на надлежните државни институции и органи** задолжени за детектирање, превенирање и гонење на овој вид на криминогени однесувања;
- Уште поголемо **мобилизирање на граѓанското општество во борбата против говорот на омразата на интернет**, со формализирање на вмрежувањето на невладините организации (слично на „постарите“ напори за борба против корупцијата, на пример) и воспоставување на постојани извори за институционална и проектна поддршка на овој вид на активности, како и зајакнување на капацитетите за лобирање во оваа сфера;
- Воведување на одредена форма (владина или невладина) на **национален регистер на лица и оранизации кои шират говор на омраза низ онлајн медиумите**, базиран врз одредена правна рамка, слично на постоечките регистри на индивидуи и организации кои го нарушуваат законски одреденото и општествено прифатеното однесување;
- **Прецизирање на условите за давање услуги од страна на домашните интернет провајдери, агрегатори на вести и пребарувачи на содржини** („интернет посредници“) кои на своите клиенти јасно ќе им наведат дека ширењето на говор на омраза и дискриминацијата се неприфатливо онлајн однесување кое подлежи на законски последици и нарушување на прифатените услови за користење на нивните услуги.
- Поттикнување и поддршка на **натамошни научни и активистички истражувања за феноменот на онлајн говорот на омраза**, во обид што подобро да се разберат причините и последиците од ваквата активност, што ќе помогне во сферата на неговата превенција, во лоцирањето на актерите и инспираторите на ваквите активности, но и за дефинирањето на можните социо-економски, политички или психолошки причини за неговото практикување во македонското општество;
- **Развивање на стимулативни, а не само казнени општествени политики**, со кои ќе се поттикне зголемување на креативноста и општествената полезност, за сметка на намалувањето на омразата на интернет во Македонија.

# РЕФЕРЕНЦИ И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- IFJ Declaration of Principles on the Conduct of Journalists, International Federation of Journalists, Bordeaux, France, 1954
- Кодекс на новинарите на Македонија, Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ), Скопје, 2001
- “Hate Crime Laws, a Practical Guide”, OSCE/ODIHR, 2009
- Роберто Беличанец, „Црна книга“, Фондација Институт отворено општество, Скопје, 2010
- Тамара Чаусидис, Зоран Бојаровски, „Прирачник за етиката во новинарството“, Здруѓение на новинарите на Македонија, Скопје, 2012
- Акад. Владо Камбовски, д-р Мирјана Лазарова Трајковска, „Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говор на омраза“, Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Скопје, септември 2012
- Д-р Елена Михајлова, д-р Јасна Бачовска, м-р Томе Шекерџиев, „Слобода на изразување и говор на омраза“, Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Скопје, 2013
- Весна Шопар, уредник, „Известувањето за меѓурелигиските и меѓуетничките тензии: значењето зад насловите“, Висока школа за новинарство и односи со јавноста и Институт за комуникациски студии, Скопје, 2013
- Жарко Трајановски, „Говор на омраза на интернет“, Фондација Метаморфозис, Скопје, 2014
- Петрит Сарачини (раководител на истражувањето), „Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет“, Македонски институт за медиуми (МИМ), Скопје, 2015
- Д-р Ричард Карвер, „Слобода на изразување, закон за медиуми и клевета“, Здружение на новинарите на Македонија, Media Legal Defense Initiative и International Press Institute, Скопје, мај 2015
- Iginio Gagliardone, Danit Gal, Thiago Alves, Gabriela Martinez, “Countering Online Hate Speech”, UNESCO, Paris, 2015
- Петрит Сарачини, Филип Медарски, Лазар Сандев, Јане Стефанов, Славчо Миленковски, „Анализа: Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет“, Македонски институт за медиуми (МИМ), Скопје, 2015
- М-р Шулевска Христина, м-р Голубовска Јасмина, Младенова Вики, Барлаковска Сања, „Анализа на состојбата со говор на омраза во Република Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, Скопје, август 2015

- М-р Шулевска Христина, м-р Голубовска Јасмина, Младенова Вики, Барлаковска Сања, „Бела книга за состојбата со говор на омраза во Македонија",Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, Скопје, октомври, 2015-б
- Д-р Марина Тунева, м-р Фиљона Кока, „Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија", Здружение на новинарите на Македонија и Фондација „Конрад Аденауер", Скопје, декември 2016
- Д-р Ненад Живановски, „Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза – Законот во сенка на политичкото толерирање на говорот на омраза", Македонски институт за медиуми, Скопје, 2017
- Д-р Сефер Тахири, Мирче Адамчевски, „Известување во интерес на јавноста – Заштитата на етичките принципи на известувањето низ комисијата за жалби и поплаки", Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), март 2017
- Mainac Mondal, Leandro Araujo Silva, Fabricio Benevenuto, "A Measurement Study of Hate Speech in Social Media", Proceedings of HT '17, Prague, Czech Republic, July 2017
- Совет за етика во медиумите во Македонија (СЕММ)„Саморегулација или регулација на интернет-медиумите во Македонија", СЕММ, Скопје, август 2017
- Anamitra Deb, Stacy Donohue, Tom Glaisyer, "Is Social Media a Threat to Democracy?", The Omydiar Group, October 2017
- Зоран Ричлиев, „Препораки за одговорни онлајн медиуми", Здужение на новинарите на Македонија, Скопје, ноември 2017-а
- Зоран Ричлиев, „Препораки за зголемување на интегритетот и професионалноста на онлајн медиумите", Здужение на новинарите на Македонија, Скопје, ноември 2017-б
- Gregory H. Stanton, "The Ten Stages of Genocide", Genocide Watch


## *Закони:*


- Устав на Република Македонија (1991)
- Кривичен закон на Република Македонија (1996)
- Закон за спречување и заштита од дискриминација (2010)
- Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда (2012)
- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013)
- Закон за медиуми (2013)

# ЗА АВТОРОТ

Сашо Орданоски ги завршил своите студии по новинарство на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со новинарство почнал да се занимава во почетокот на 1980–тите, а првиот новинарски текст го објавил 1984 во „Млад борец“. По згаснување на „Млад борец“ во раните 1990-ти, Орданоски преминал во неделникот „Пулс“. Во својата професионална кариера бил директор и главен уредник на МТВ (1994–1996), главен уредник на списанието „Форум“ (1997–2007), како и директор на телевизијата Алсат М (2008–2011). Одредено време бил и претседател на невладината организација „Транспарентност Македонија“.

# ЗА ПРОЕКТОТ

Институтот за комуникациски студии (ИКС) го имплементира проектот **„Зголемување на моќта на граѓанското општество во Македонија за изразување на јавниот интерес (транспарентност и отчетност на институциите)“**. Во рамки на проектот ИКС соработува со повеќе невладини организации во Македонија со цел информирање на јавноста за нивните активности и вклучување на граѓаните во дебатата за теми и прашања од јавен интерес. Како дел од проектот ИКС разви и отворена онлајн платформа преку која им се овозможува на невладините организации да комуницираат со граѓаните и пошироката јавност и да ги презентираат своите активности (www.samoprasaj.mk / www.justask.mk).

Преку работилници и тренинзи, ИКС ќе им помогне на претставници на невладините организации и на новинарите и креаторите на јавно мислење да ги надградат своите вештини на комуницирање со медиумите, граѓаните и државните институции; да ги развијат своите презентациски вештини и вештини на говорење; и да научат како најефективно да ги користат социјалните медиуми и мултимедијални алатки за презентација на својата работа во јавноста.

Преку набљудување на медиумските содржини и начинот на известување на највлијателните телевизиски станици во текот на предизборниот период и за време на изборниот процес, ИКС го оценува нивото на политичкиот плурализам и застапеноста на различни гледишта во известувањето на овие медиуми. Добиените анализи и податоци ќе им користат на граѓаните, граѓанскиот сектор, медиумските организации, носителите на одлуки и на меѓународната заедница при креирање поткрепени ставови и аргументи за иницирање политики.

За да допре до поширока публика, ИКС користи посебно развиена веб платформа *Res Publica* (respublica.edu.mk) на која ги поттикнува граѓаните, новинарите и експертите да пишуваат блогови и да дебатираат за прашања од јавен интерес. На овој начин, ИКС креира професионална мрежа која во континуитет ќе анализира и континуирано ќе ја запознава јавноста со проблемите од јавен интерес.

Проектот е поддржан од
Британската амбасада во Скопје.

# ЗА ИЗДАВАЧОТ

Институтот за комуникациски студии (ИКС) е основан од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во 2013 година. ИКС е водечка научно-истражувачка организација во областа на студиите по новинарство, медиуми, односи со јавност, политичка комуникација и корпоративно комуницирање. ИКС во Македонија има двоен фокус: со академските и применетите истражувања да ја унапредува науката и да им биде поддршка на практичарите; и преку постдипломските студии да изгради мрежа на млади истражувачи кои ќе ги зајакнуваат столбовите на овие научни дисциплини.

Институтот е акредитиран за спроведување на постдипломски студии во две области: Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија. Поврзувањето на процесот на настава и учење со научноистражувачката дејност му овозможува на Институтот да го поттикнува развојот на млади кадри во истражувачката дејност и да го унапредува процесот на создавање и ширење на знаењето.

***Институтот ги има следниве основни цели:***

- Развивање академски и применети истражувања кои ќе го надградуваат знаењето во сферата на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста;
- Градење темелна истражувачка база која ќе биде користена за процесот на образование во областа на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста;
- Промовирање иновативни идеи во истражувањата што се поврзани со потребите на индустријата;
- Поттикнување на развојот на младите кадри во истражувачката дејност преку вклучување на студентите и на младите истражувачи во оваа област;
- Публикување на резултатите од истражувањата за актуелни теми и прашања со цел да придонесе во јавната дебата и во градењето на политиката во областите во кои работи ИКС.



# СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НАСПРОТИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

## ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

British Embassy
Skopje

ИНСТИТУТ
ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ